Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 07-3327/1
Дата: 17.05.2022
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Политиката на приватност дава општи информации за обработката на лични податоци кога ја посетувате нашата веб страница https://kavadarci.gov.mk/ и/или користете некога од нашите услуги преку истата. Општина Кавадарци ги собира само оние лични податоци кои се неопходни за да ги оствари законските задачи и овластувања.

Општина Кавадарци за заштита од неовластен пристап и користење на личните податоци на своите корисници и субјектите за кои чува/обработува податоци, ги презема сите потребни технички и организациски мерки, согласно: законската регулатива и подзаконските акти кои се однесуваат на заштитата на личните податоци, Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Општина Кавадарци, Политиката за безбедност на информации во Општина Кавадарци и други релевантни акти.

**Информации поврзани со обработката на личните податоци**

- Контролор на личните податоци е општина Кавадарци, со седиш5те во Кавадарци на Ул. Плоштад Маршал Тито 6б.
- Личните податоци се собираат за конкретни,јасни и законски утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели и во согласност со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ" бр.42 од 16.02.2020 година).
- Општина Кавадарци применува технички и организациски мерки за заштита на личните податоци со што се обезбедува:

- **Доверливост**- заштита на податоците од неовластено откривање и пристап;
- **Интегритет**- обезбедување на точност и вистинитост, односно дека податоците на било кој начин не се неовластено изменети;
- **Расположливост**- обезбедување пристап на овластените корисници и информациските системи до податоците кога е тоа потребно;
- **Неотповикливост**-обезбедување на докази кои не даваат можност за одрекување

[redacted]

**Општина Кавадарци собира податоци од:**
-**Корисници без и со кориснички профил** на веб страницата на Општина Кавадарци https://kavadarci.gov.mk/.
Општина Кавадарци автоматизирано собира податоци кои се користат за анализирање на посетите, односно користењето на нашата веб страница и нејзината информациска безбедност.
Повеќе информации за употребата на колачиња се дадени во политика за користење на колачина на следната веб локација https://kavadarci.gov.mk/.

- **Правни и физички лица во врска со поднесување на пријави за упис, промена и/или бришење и барања за податоци и информации од пооделните податоци/информации кои ги води Општина Кавадарци и други услуги од Општина Кавадарци.**

Овие пријави/барања содржат информации за подносителот на пријавата/барањето и лични податоци на други лица вклучени во пријавата/барањето кои се потребни за постапување согласно законските овсластувања на Општина Кавадарци.
- **Лица кои поставуваат прашања, бараат податоци и информации, имаат поплаки, пофалби или други барања поврзани со делокругот на работата на Општина Кавадарци.**

Овие барања вообичаено содржат и лични податоци, кои имаат ограничен обем ( на пример: име и презиме и контакт податоци), треба да се исклучиво поврзани со нивната потреба и се на одговорност на лицето кое ги доставува барањата. Како на пример: според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер или друг закон, за да се обработат барањата за пристап до информации од подносителите се бара да достават одредени податоци,
**Категории на податоци кои се обработуваат:**
**Податоци од посетите на веб страницата**
- При посетата на веб страницата на Општина Кавадарци, за секој корисник ( со или без кориснички профил) се креира лог записи со следните податоци:
  - ИП( IP) адреса;

[redacted]

- Уредот од кој пристапува корисникот, вид и модел;
- Оперативниот систем;
- Видот на пребарувачот, plugins верзија;
- Страните кои ги посетува на веб страницата на Општина Кавадарци и времето на користење/минување на секоја страна
- URL на странатa од која е префрлен на веб страницата на на општината и во некои случаи, термините кои ги користел во обидот да ја најде страницата на Општината
- Јазикот на пребарувачот кој го користат;
- Држава;
- Податочни параметри на основа на кои е извршено пребарување на податоци;
- Серверските логови се чуваат на начин уреден со интерна регулатива која е донесена согласно позитивните законски прописи. Корисникот, на негово барање, може да биде информиран за повеќе детали

**Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат**

- Корисниците кои пристапуваат на веб страницата на Општина Кавадарци можат да се поделат на две категории. Корисници со и без кориснички профил
    - За корисниците без кориснички профил се евидентира IP адресата од која тие пристапуваат и ги користат општите услуги кои ги нуди веб страницата на Општина Кавадарци
    - За корисниците со кориснички профил покрај IP адресата се евидентираат податоци кои се потребни за да се креира профилот бидејќи користат услуги кои ги нуди Општина Кавадарци, за кои е потребна соодветна автентикација ( потврдување на идентитетот на корисникот) и соодветна авторизација (утврдување на права-пвластувања за користење)
- Општина Кавадарци податоците кои ги прибира од корисниците на веб страницата на Општина Кавадарци, се оние кои тие доброволно ги доставувале за конкретни цели (

[redacted]

пријави за упис во регистри или барања за информации од регистри), како би овозможиле на Општина Кавадарци да ги оствари своите законски овластувања поврзани со услугите, за грижа на корисници, за поплаки, пофалби или консултација преку поставување на прашања и /или мислења за различни теми од областа на работењето на општина Кавадарци , за истрага, за обезбедување на повратни информации или барање на било која друга услуга од општина Кавадарци.

**Права на контролорот поврзани со дејствија на злоупотреба и незаконски дејствувања**

Доколку Општина Кавадарци утврди дека корисникот го злоупотребил пристапот до веб страницата со цел незаконски да стекне пристап до информации и апликации или со цел да ја направи веб страната на Општина Кавадарци недостапна за користење, во тој случај можно е да се искористат евидентираните податоци и да се достават до надлежните органи кои се одговорни за откривање и санкционирање на сторените злоупотреби поврзани со незаконско користење на веб страни и кибернетички криминал.

**Како се собираат личните податоци**

Личните податоци се собираат преку различни канали вклучувајќи:

- Користење на веб страницата на Општина Кавадарци, преку централизираниот систем за управување со кориснички профили и сите останати информатички системи кои се користат за уписи и дистрибуција на податоци и информации, односно за исполнување на со закон утврдените надлежности на Општина Кавадарци;
- Е-маил контакт адреси на општина Кавадарци достапни на веб страницата и
- Други форми за контакт кои се достапни на веб страницата

**Активности на обработка на личните податоци:**

- Општина Кавадарци обработува лични податоци на со закон определени цели, заради извршување на својата дејност во согласност со одредбите со законот за заштита на личните податоци

[redacted]

- Општина Кавадарци не споделува податоци за корисникот и /или за неговата посета на веб страницата на Општина Кавадарци, со трети лица, освен во следните случаи:
    - Во случај на ангажирање на даватели на услуги ако Општина Кавадарци ги ангажира како обгработувачи со што ќе бидат обврзани да постапуваат по регулативата на Општина Кавадарци и обезбедат заштита на личните податоци кои се обработуваат при обезбедувањето на тие услуги.
    - По барање на суд, полиција или други органи и тела за вршење на нивните надлежности и само ако постои законски основ за тоа

**Време на чување на собраните податоци**

- Податоците кои ги собира Општина Кавадарци се чуваат во согласностсо закон и периодот потребен за постигнување на целта на обработката и се утврдени со рокови на чување на личните податоци на Општина Кавадарци.

**Права во однос на обработката на лични податоци се:**

- Да бидат информирани за обработката на личните податоци или право на информираност за обработката на личните податоци;
- Право на пристап до личните податоци
- Право на исправка и бришење на личните податоци;
- Право на ограничување на обработката на личните податоци;
- Право на приговор;
- За дополнителни информации и/или остварување на правата за заштита на лични податоци, секој посетител или корисник може да го контактираат офицерот за заштита на лични податоци на Општина Кавадарци чии контакт податоци се објевени на веб страната на Општината.

**Право на поднесување на поплаки до Општина Кавадарци**

- Доколку се смета дека со начинот на кој Општина Кавадарци ги обработува личните податоци, се повредуваат одредбите на Законот за заштита на личните податоци, може да се

[redacted]

поднесе поплака до Општина Кавадарци, согласно Законот за заштита на лични податоци.

- Поплаки може да се поднесат преку веб страницата на Општина Кавадарци или на било кој начин преку контакт информациите објавени во делот за КОНТАКТ.

**Промена на политиката за приватност**

- Политиката за приватност редовно ќе се менува и дополнува и услогласува соодветно на настанатите промени и евентуално согласно законските измени.

## Заштита од злоупотреби

Општина Кавадарци ги презема сите потребни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап како и од нивна злоупотреба, користејќи редовни контроли и најнови технолошки механизми и достигнувања во оваа област.

Политика за управување со систем за безбедност на информации на Општина Кавадарци

Офицер за заштита на лични податоци- Сашо Мошев
smoshev@kavadarci.gov.mk
072/307-227

Градоначалник
Д-р Митко Јанчев